# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002 – 66/6 од 22.2.2018 година донесена на 197. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 22.2.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *анестезиологија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и Коха на 8.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави **д-р сци. Билјана Ефтимова**, доктор по анестезиологија од областа на медицинските науки, вработена во ЈЗУ Клиничка болница, САРИЛ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Билјана Ефтимова** е родена во 1962 година во Штип, каде што го оформува своето основно и средно образование, кое го завршува со одличен успех. Студиите на Медицински факултет во Скопје ги започнува во учебната 1980/1981 година и истите ги завршува во декември 1985 година со успех 8,0. Се вработува во ЈЗУ Клиничка болница - Штип во 1986 година, каде што работи како лекар по општа пракса во Службата за итна медицинска помош.

Во декември 1989 год. ја започнува специјализацијата по анестезиологија со реанимација и интензивна медицина, која ја завршува со успех во декември 1993 год. Таа дел од својот специјалистички турнус, според програмата, го поминува во Клиничката болница во Штип, а останатиот дел на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија.

Како специјалист анестезиолог практикува и работи во ЈЗУ Клиничка болница – Штип, каде што се истакнува со својата професионалност и способност за организација. Во 2002 година се стекнува со звањето **примариус.**

Кандидатката д-р Билјана Ефтимова стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност. Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип.

Во 2009 година е избрана за предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата медицинска школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а за асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на УГД е избрана во декември 2010 година. Таа е активно вклучена во клиничката и научноистражувачка работа на матичната институција.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, модул Клиничка медицина, отсек Анестезија со реанимација. Докторските студии ги завршува со просек 9.62. На 1.12.2017 година успешно ја брани својата докторска дисертација со наслов *„Влијание на изложеност на анестетичкиот гас диазот оксид врз здравјето на медицинскиот персонал во операциона сала“*.

Во нејзината досегашна научна работа, таа како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 38 научни трудови како во земјава така и во странство, како и 2 интерни публикации во тек на престојот во АКХ во Виена.

Ги завршува Корнел семинарите во Салцбург (Австрија) во 1995 и 1999 година. Престојува на стручно усовршување во АКХ во Виена во 2000 и 2001 година, потоа во Израел во 2001 и во 2004 година во Лугано (Швајцарија), Изворани и Букурешт (Романија), Јапонија 2000 и 2008 година, САД – на Универзитетот во Мичиген во ноември-декември 2014 година, Стокхолм, Мастрихт (Холандија) и други центри. Таа е учесник на повеќе конгреси, семинари и симпозиуми во земјава и надвор од неа од областа на анестезиологијата и реанимацијата и има перманентен и континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, Во периодот јануари-февруари 2008 година престојува во Јапонија и работи на проект за едукација што го спроведува Владата на Јапонија за менаџери од Југоисточна Европа, во склоп на кој го изработува проектот „Формирање на Ургентен центар во Клиничка болница“ – Штип.

***Стручни и општествени активности***

Таа е член и заменик-претседател на невладината организација „Нов живот“ за борба против малигни заболувања, член на Државната комисија за полагање на стручни испити на лекари од општа медицина, член на Комисијата за реформи во болниците при Лекарската комора на Македонија и член на Собранието на Лекарската комора на Македонија (2011-2017). Исто така, таа членува во Македонското здружение на анестезиолозите, Светското здружение на анестезиолозите (WFSA) и Меѓународната асоцијација за терапија на болка (IASP). Има добиено и повеќе награди и признанија од Лекарската комора на Македонија за особени залагања и придонеси во лекарската професија како *благодарница, диплома* и *плакета*.

Во склоп на својата континуирана едукација ги посетува следните семинари: Современ пристап во лекувањето и испитувањето на артериска хипертензија (Штип, 1994); Семинар во Салцбург – (Cornell Seminars, Cornell University, Medical college) во мај 1995 година; Европска фондација за едукација во анестезиологијата, (F.E.E.A.) - континуирана едукација (сите 5 циклуси во Дојран во тек на 5 последователни години 1999 – 2003); Едукација за примена на нова специјалистичка апаратура во интензивната нега (JICA Medisun. Co., 2 јануари - 28 февруари 2000 г. во Јапонија); Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Intensive Care Unit, 1-30 септември 2000 г.); Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Pain Therapy departement, 1-30 јули 2001 г.); Менаџмент во здравствениот систем - Израел (Galillee Coledge, октомври-ноември 2001 г.); Обука за терапија на болка кај болни од карцином - одржана во Клинички центар – Љубљана (Словенија) на Одделот за онкологија, јануари - февруари 2003 г.; Основна обука за ентерална и парентерална исхрана – одржана во Изворани, Романија (октомври 2003 г.); Обука за анестезија на Медицинскиот универзитет „Сорока“ во Тел Авив, Израел (февруари - март 2004 год.); Напредната обука за ентерална и парентерална исхрана одржана во Клиничкиот центар во Мастрихт (Холандија), во мај 2005 г.; Европска школа за онкологија - обука за палијативна нега кај болни од карцином во септември 2006 г., Стокхолм (Шведска); Европска школа за онкологија за терапија на терминални болни (обука во Лугано (Швајцарија, јули 2009 г.; Раководење со човечки ресурси, обука под раководство на МЦМС, Маврово (во ноември 2007 г.); Тренинг-обука за болнички менаџмент во земјите на Југоисточна Европа (јануари- февруари 2008 г., Јапонија); Обука за Сертификат за менаџмент и лидерство во здравство - Министерство за здравство на Р. Македонија (Скопје, 2006-2007 г.); престој на Мичиген Универзитетот во САД, на Клиника за анестезиологија (ноември-декември 2014 г.).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

1. Д-р Билјана Ефтимова е доктор на науки по клиничка медицина, отсек Анестезија со реанимација;
2. Има остварен просечен успех од 8,0 на студиите на прв циклус (додипломски студии), завршени специјалистички студии по анестезиологија со реанимација и интензивна терапија и завршени докторски студии со просечен успех од 9,62;

3. Има сертификат за владеење на англиски јазик;
4. Има препорака од работодавецот и тројца професори од соодветната специјалност;
5. Има доставено сепарати од четири трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
6. Има доставено и сепарати од сите објавени трудови од последнта рецензија 2013 година до сега.

***Трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и глобал импакт фактор***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Bilijana Eftimova1***, Marija Sholjakova , Dejan Mirakovski , Marija Hadzi-Nikolova, | **Health Effects Associated With Exposure to Anesthetic Gas Nitrous Oxide-N2O in Clinical Hospital – Shtip Personel** | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS), Vol 5, No 6 800-804 (Oct.2017) | Списанието излегува од 2008 година Меѓународно научно списание<br><br>Global Impact Factor<br>2015 0.787 |
| 2 | **Biljana Eftimova1*** , Dejan Mirakovski , Marija Sholjakova , Marija Hadzi-Nikolova | **Nitrous Oxide Exposure of Health Care Personnel in the Operating Rooms and Intensive Care Units in Hospitals in Macedonia** | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS), Vol 5, No 6 790-793 (Oct.2017) | Списанието излегува од 2008 година Меѓународно научно списание<br><br>Global Impact Factor<br>2015 0.787 |
| 3 | **Biljana Eftimova,** Biljana Lazarova | **COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENESS BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SSUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY** | KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 22 2018 | Списанието излегува од 2014 година Меѓународно научно списание<br><br>Global Impact Factor<br>2016 1.322<br><br>1.322 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Biljana Eftimova,** Biljana Lazarova, | **DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL/ IRRATIONAL USE** | KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 22 2018 | Списанието излегува од 2014 година Меѓународно научно списание Global Impact Factor 2016 1.322 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Билјана Ефтимова стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност.

Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип.

Во 2009 година е избрана за предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата медицинска школа при Факултетот за Медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Таа е асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на УГД од декември 2010 година.

Активно е вклучена во клиничката и научноистражувачката работа во матичната институција.

***Список на објавени и рецензирани трудови во Универзитетски билтен на УГД бр.31 од ноември 2009 г.***

1. ПРИМАРНА НЕГА НА НОВОРОДЕНЧИЊА СО SECTIO CAESAREA, **Б.Ефтимова**, Б.Лозанова,Б.Лазарова,Медицински центар - Штип, Македонија 7. конгрес на педијатрите на Македонија, со меѓународно учество; Струга, 1994 г.

2. POLYTRAUMA AND HEMORAGE SHOCK-CASE HYSTORY, **Б. Ефтимова**, Ј.Стојменова, В.Стојанов, К.Јанева National Congress on Anesthesiology and Intensive Care; Bulgaria, 1995

3. ПОСТОПЕРАТИВНА АНАЛГЕЗИЈА КАЈ ТОРАКОТОМИРАНИ БОЛНИ, **Б.Ефтимова**, М.Ристов, Медицински центар - Штип Прв конгрес на македонските хирурзи, со меѓународно учество; Охрид, 1995 г.

4. ПОЛИТРАУМА И ХЕМОРАГИЧЕН ШОК - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ НА УСПЕШНА РЕАНИМАЦИЈА И ПОСТОПЕРАТИВЕН ТРЕТМАН, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова, К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.

5. НАШИ ИСКУСТВА ВО ПРИМЕНА НА ETHOMIDAT КАКО ВОВЕДНО СРЕДСТВО ЗА АНЕСТЕЗИЈАТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО РИЗИК, **Б.Ефтимова**,Ј. Стојменова, К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип. Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 2000 г.

6. TRAMADOL FOR POSTOPERATIVE ANALGESIA AFTER VARIOUS SURGICAL PROCEDURES, **B.Eftimova**, J.Stojmenova, K.Janeva, V.Stojanov, Medical Center Stip, Macedonia Joint Annual ESRA, EP, ESOA Congress; Warsaw, Sept. 2001.

7. SUPPOSITORY PARACETAMOL FOR POSTOPERATIVE ANALGESIA IN CHILDREN, **B.Eftimova**, J.Stojmenova, K.Janeva, V.Stojanov, Medical Center-Stip, Macedonia, Joint Annual ESRA, EP, ESOA Congress, Warsaw, Sept. 2001.

8. KETALAR IN SEDATION FOR BRAIN COMPUTER TROMOGRAPHY IMAGING PROCEDURE IN CHILDREN, **B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,Macedonia 14 ESICM Annual Congress, Geneva, 2001.

9. TRACHEO - BRONCHITIS SUFFOCANS (JACKSON) - АКУТНА ОПСТРУКЦИЈА НА ДИШНИТЕ ПАТИШТА (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ). **Б.Ефтимова**,Т.Србиновски,Ј.

Стојменова,К.Јанева, Медицински центар - Штип Прв конгрес на пулмолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 2001 г.

10. НАШИ ИСКУСТВА ВО ВГРАДУВАЊЕТО НА ВЕШТАЧКИ КОЛК ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА АНЕСТЕЗИЈАТА И РЕАНИМАЦИЈАТА, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова,

К.Јанева, В.Стојанов, Медицински центар - Штип. Македонско здружение на ортопедите и трауматолозите, Дојран, 5-6 април 2002 г.

11. SPINAL ANESTHESIA AS METHOD OF CHOICE IN HIGH RISK ELDERLY PATIENTS,**B.Eftimova**,J.Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,MedicalCenter-Stip, Macedonia;7 National Conference of Care, Varna, Bulgaria, 2002.

12. Ketalar in sedation for brain CT imaging procedure in children, **B.Eftimova**,J. Stojmenova,K.Janeva,V.Stojanov,Medical Center-Stip,Macedonia 13th World Congress of Anesthesiologist,Paris, France, April 2004.

13. Continuous Tramadol Hydrochlorid infusion for postoperative analgesia - **B.Eftimova**, J.Stojmenova, K.Janeva,Medical Center-Stip,Macedonia 11th World Congress of Pain, August 2005, Sydney, Australia.

14. The prevalence of deep venous thrombosis in patients with stroke- **B.Eftimova**,B. Lazarova,General Hospital-Stip,Macedonia World Congress of Stroke, Cape Town, October 2006.

15. Episodic pain in hospitalized cancer patients (breakthrough ) – **B.Eftimova**,B. Lazarova,General Hospital-Stip,Macedonia 10th Congress of European Association for Palliative Care, June 2007, Budapest, Hungary.

16. Supp. Paracetamol for postoperative analgesia in children – **B.Eftimova**,B.Lazarova, Clinical Hospital-Stip 14th World Congress of Anesthesiologist, March 2008, Cape Town, South Africa.

***Коавтор***

17. ИНЦИДЕНЦАТА НА ПРЕМАТУРНИТЕ НОВОРОДЕНИ СО ПТТ ПОД 1500 гр. СЛЕДЕНА ВО ПОСЛЕДНИТЕ 5 ГОД. ВО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР - ШТИП, Б.Лозанова,**Б.Ефтимова**-7 Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 1994 г.

18. ГЛАВОБОЛКА ПО СПИНАЛНА АНЕСТЕЗИЈА И НЕЈЗИНИОТ ТРЕТМАН, Ст ојанов,Ничев,Стојменова,**Ефтимова**-Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.

19. ТРАНСАРТЕРИЈАЛЕН ПРИСТАП ЗА АКСИЛАРЕН БЛОК НА БРАХИЈАЛНИОТ

ПЛЕКСУС, Стојанов В.Ничев, Стојменова, **Ефтимова Б**. - Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 1995 г.

20. СПИНАЛНА АНЕСТЕЗИЈА ЗА ЦАРСКИ РЕЗ, Стојменова Ј.,**Ефтимова Б**., Стојанов В., Ничев - Прв конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество; Охрид,1995 г.

21. ПРИМЕНА НА ЛАРИНГЕАЛНА МАСКА (ЛМ) ВО АНЕСТЕЗИЈАТА, В.Ѓоргов, К.Јанева,В.Стојанов,Ј.Стојменова,**Б.Ефтимова** - Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.

22. НИСКОМОЛЕКУЛАРНИОТ ХЕПАРИН ЗА АНТИГОАГУЛАНТНА ТРОМБОПРОФИЛАКСА, К.Јанева, В.Ѓоргов, В.Стојанов, **Б.Ефтимова**, Ј.Стојменова - Втор конгрес на анестезиолозите на Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.

23.ЕКСТРАПЛЕУРАЛНАПАРАВЕРТЕБРАЛНАБЛОКАДАСОБУПИВОКАИНЗА ПОСТОПЕРАТИВНА АНАЛГЕЗИЈА КАЈ ТОРАКТОМИИ, В.Стојанов, М.Ристов,Ј. Стојменова,**Б.Ефтимова**,К.Јанева,В.Ѓоргов-Втор конгрес на анестезиолозите па Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.

24. ПОСТАПКА И ТЕРАПИЈА ПРИ ТРУЕЊЕ СО ЕТИОЛ, Ј.Стојменова,**Б. Ефтимова**,В.Стојанов,К.Јанева,В.Ѓоргов-Втор конгрес на анестезиолозите па Македонија, со меѓународно учество; Охрид, 2000 г.

25. ЕКСТРАПЛЕУРАЛНО ДАВАЊЕ НА МОРФИУМ ЗА АНАЛГЕЗИЈА,В. Стојнов,Ј.Стојменова,**Б.Ефтимова**- Прв конгрес на македонските хирурзи, со меѓународно учество; Охрид, 1995 г.

26.Evluation of the effectiveness of ketoprofen in the prevention of postoperative pain. Comparision of pre and postoperative administration of ketoprofen in knee fracture orthopedic surgery,StojmenovaJ.Lazarova **B.,Eftimova** B.General hospital Stip-IIКонгрес на Здружението на лекари по општа медицина при МЛД, Охрид, 2008г.

27.Treatment of pain mograin with sumatriptan100 mg. tablets in out patients,B.Lazarova,J. Stojmenova, **B.Eftimova**, General hospital Stip - IIКонгрес на Здружението на лекари по општа медицина при МЛД, Охрид, 2008 г.

***Интерни публикации (при едукацијата на АКН Виена)***

1. TREATMENT OF A PATIENT WITH POLYTRAUMA,FROMTHE MOMENT OFINJURY TO HIS OUTLET TO THE REGULAR WARD, Seminar work, AKH, 2000 y.
2. SPINAL CORD STIMULATION IN PATIENT WTTH POSTCANCER CHRONIC PAIN,Seminar work, AKH, Wien, 2001y.

***Список на објавени и рецензирани трудови во Универзитетски билтен на УГД бр.113, ноември 2013 г.:***

1.Treatment of chronic cancer pain with sublingual Morphine in Countries with limited resources**.** **B.Eftimova**,B.Lazarova-Clinical Hospital-Stip,Macedonia INCTR-8th Meeting on Cancer in Countries with Limited Resources,Book of Abstract-30 A/P- March 2009, Antalya, Turkey.

2.Invasive ductal carcinoma in 58 year old man Annals of Oncology, Supplement 5,vol.20-30PO- ECCLU, July 2009, Lugano Switzerland **B.Eftimova**,B.Lazarova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.

3.Intrathecal Morphine and postoperative delirium in elderly orthopedic patients. **B.Eftimova**,B.Lazarova,J.Stojmenova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.Book of abstracts-EFIC_poster_1217,September 2009 6th Congress of European Federation of IASP Chapters, September 2009 Lisbon.

4. Discussing EOL (end-of-life) issues with terminally ill cancer patients and their families - our results **B.Eftimova**,B.Lazarova,Clinical Hospital-Stip,Macedonia.Poster No-1609593, The First International Multidisciplinary Forum on Palliative Care, Nov.11- 14,2010, Budapest, Hungary.

5. Компарација меѓу анестезиолошките лекови и трошоци и ефективноста помеѓу генералната и спинална анестезија за тотална или субтотална имплантација на колк - **Ефтимова Б**.,Шољакова М. Прва македонска конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти, 16-17 ноември, Скопје, Македонија САРИЛ, Клиничка болница, Штип, КАРИЛ, Универзитет „Св. Кирил и Матодиј“.

***Трудови за рецензија***

**1.COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENES BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY-Biljana Eftimova,** Biljana Lazarova, Clinical Hospital Shtip Macedonia

Во трудот е прикажана споредбата меѓу општата и спиналната анестезија кај имплантација на вештачки колк и колку се трошоците при овие две техники на анестезија во однос на употребените лекови, помошен медицински материјал, ангажман на персонал и постоперативното заздравување и престој, односно денови на болничко лекување. Заклучокот е дека спиналната анестезија е подобра опција со помал финансиски трошок, а истовремено со подобар ефект кај овие болни. Пациентите со спинална анестезија имаа подобар постоперативен аналгетски скор и пократок престој во ПАКУ.

**2. DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL / IRRATIONAL USE -Biljana Eftimova,** Biljana Lazarova, Clinical Hospital – Shtip

Во овој труд е прикажана употребата на аналгетици (Трамадол и Кетопрофен) и антибиотици (Цефтриаксон) во постоперативниот период на Ортопедското одделение во Клиничка болница - Штип. Од трудот може да се види дека употребата, како на аналгетици така и на антибиотици, не е рационална, што е заклучено од индексите кои беа користени.

Евалуацијата на терапијата беше според препораките на Министерството за здравство на РМ базирани врз постулатите на медицината базирана на докази за дадените дијагнози. Заклучокот во трудот е дека е потребно уште многу да се работи на адекватен третман и употреба на терапијата според пропишаните индикатори.

**3. Health Effects Associated with Exposure to Anesthetic Gas Nitrous Oxide-N2O in Clinical Hospital – Shtip Personel**

**Bilijana Eftimova**[1]*, Marija Sholjakova[2] , Dejan Mirakovski[3] , Marija Hadzi-Nikolova[3] 1Department of Anesthesia and Intensive Care, Clinical Hospital, Shtip, Republic of Macedonia; 2Department of Anesthesia, Medical Faculty, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia; 3Univeristy "Goce Delcev", Faculty of Natural and Techncial Scinces, AMBICON Lab, Shtip, Republic of Macedonia

Во оваа студија се прикажани ефектите врз здравјето предизвикани од долготрајната хронична изложеност на анестетичкиот гас диазотен оксид на персоналот во операциските сали на Клиничка болница во Штип. За таа цел се користени специјално дизајнирани прашалници за точно дефинирани здравствени симптоми. Од анализата на одговорите на овие прашалници се заклучи дека кај експонираниот во однос на неекспонираниот персонал има статистички значајна разлика во однос на појавувањето на одредени симптоми (главоболка, вртоглавица, гадење и повраќање, трнење на екстремитетите, тахикардија, еуфорија). Заклучок е дека постои поврзаност меѓу хроничната изложеност на диазотен оксид и одредени здравсвени проблеми.

**4.Nitrous Oxide Exposure of Health Care Personnel in the Operating Rooms and Intensive Care Units in Hospitals in Macedonia - Biljana Eftimova**[1]* , Dejan Mirakovski[2] , Marija Sholjakova[3] , Marija Hadzi-Nikolova[3] 1Department of Anesthesia and Intensive Care, Clinical Hospital, Shtip, Republic of Macedonia; 2Univeristy "Goce Delcev", Faculty of Natural and Technical Sciences, AMBICON Lab, Shtip, Republic of Macedonia; 3Department of Anesthesia, Medical Faculty, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia

Целта на оваа студија е да се спореди изложеноста на персоналот во операциските сали на Клиничка болница - Штип, Клиниката за ОРЛ во Скопје и Општа болница - Кочани на анестетичкиот гас диазотен оксид. Овие болници се разликуваа меѓу себе во однос на опременоста и системите за проветрување. Резултатите од студијата покажаа сигнификантна изложеност на персоналот од операционите сали на послабо опремените болници во Штип и во Кочани во однос на Клиниката за ОРЛ во Скопје, со што се наложи заклучокот дека со употреба на соодветни системи за проветрување (евак системи, вентилациски системи и адекватно одржување на опремата за анестезија (спречување на истекување на гасовите (leakage) значително ќе се намали изложеноста, до пропишаните светски гранични вредности за безбедна работна средина.

**5.Службата за анестезија и реанимација во Штип од формирањето до денес (1974-2014),** Петти конгрес на анестезиолози на Македонија со меѓународно учество, Прилози кон историјата на македонската анестезиологија, Охрид, Р.Македонија, октомври 2014 г. - **Ефтимова Б**. ЈЗУ Клиничка болница - Штип, Јосимовска В., Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Р. Македонија

Во трудот хронолошки е прикажан развојот од создавањето до денес на Службата за анестезија и реанимација во Клиничката болница во Штип. Од нејзиното формирање во 1974 година до денес, односно од нејзините почетоци кога анестезиите ги давале приучени анестетичари, па со одвојувањето од Хируршкото одделение, кога оваа служба имала само еден лекар специјалист и еден апарат за анестезија во една операциска сала, до денес кога таа прерасна во комплетна болничка единица која во целост ги задоволува потребите на целокупната клиничка болница.

**6.Почетоци на развој на штипската анестезија.** Петти конгрес на анестезиолози на Македонија со меѓународно учество, Прилози кон историјата на македонската анестезиологија, Охрид, Р.Македонија, октомври 2014 г. Јосимовска В., Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, **Ефтимова Б.,** ЈЗУ Клиничка болница -Штип, Р.Македонија

Овде се опишани почетоците на формирањето на хируршката служба во чиј составен дел долги години била и анестезијата. Овие почетоци датираат од формирањето на Окружната

болница во Штип во далечната 1919 година кога првите анестезии ги давале приучени луѓе, болничари. Етерска анестезија била единствено применувала сè до доаѓањето на првиот специјалист анестезиолог во 1974 год. и формирањето на Службата за анестезија. Оттогаш започнува забрзан развиток, сè до денес кога службата ги задоволува потребите според стандардите на современата анестезиологија и интензивно лекување. Во трудот посебно импонираат пронајдените неколку фотографии снимени во операциска сала од 20-тите години на минатиот век во Штип. Ваквите фотографии се вистинска ректост во нашата медицинска историографија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Билјана Ефтимова е доктор по анестезиологија од областа на медицинските науки и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/вонреден професор од областа анестезиологија. Таа професионално се занимава со анестезиологијата веќе 25 години.

Комисијата ги анализираше доставените материјали за рецензија и смета дека на Конкурсот треба да се избере пријавената кандидатка Билјана Ефтимова. Својата одлука Комисијата ја базира на фактот дека кандидатката приложила доволен број документи – докази и ги задоволува законските услови во Конкурсот од кои може да се види дека таа покрај формалните критериуми на Конкурсот кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот има и перманентен континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, како и сосема пристојниот број на стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере д-р Билјана Ефтимова во звање насловен доцент во наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ордан Нојков, редовен професор во пензија, претседател, с.р.**
**Д-р Марија Шољакова, редовен професор во пензија, член, с.р.**
**Д-р Вело Марковски, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ЗА Д-Р БИЛЈАНА ЕФТИМОВА**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање асистент (1 x 15) | 15 |
| | **ВКУПНО** | **15** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br>Прв автор под реден број 1, 2, 3 и 4 (4 x 9 = 36 бода) | **36** | |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | |
| 21 | Награди-признанија | 5 | |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | **ВКУПНО** | **57** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир: под реден број 5 и 6 ( 2 x 2 = 4 ) | 4 | |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 2 | |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(еден птоект во странство - 8 бода) | | 8 |
| 26 | Раководител на завод / оддел | 3 | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија (3 x 2 = 6 бода) | 6 | |
| | **ВКУПНО** | **23** | |
| | **ВКУПНО ПО СИТЕ ОСНОВИ** | **95 бода** | |